МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС>>

МЦМС е-Билтен

Мај 2013

БРОЈ 142

Соработка помеѓу локални власти и граѓанско општество

На 15 мај 2013 г. во Приштина, Косово се одржа меѓународната конференција „Локална демократија – Подобрување на соработка помеѓу локалните власти и граѓанско општество“ на која, присуствуваа повеќе од 80 претставници на државните институции и граѓанските организации од девет земји од Западен Балкан и Турција. Настанот го организираше косовската канцеларија на ТАКСО во соработка со останатите канцеларии од регионот и со поддршка на Министерство за управување со локална самоуправа во Косово и канцеларијата на Советот на Европа во Приштина.

Целта на конференцијата беше да се претстави извештајот „Соработката на единиците за локалната самоуправа и граѓанските организации во Западен Балкан и Турција“ и да се отвори дискусија за заклучоците и препораките од извештајот.

На конференцијата, Марија Саздевски од Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС) го претстави моделот за развивање на стратегии за соработка на општините со граѓанскиот сектор, што го изготви МЦМС, како еден од можните институционални механизми со кои се јакне граѓанскиот дијалог на локално ниво. Беше споделено искуството од работењето на стратегиите во три пилот општини во Македонија (Битола, Дебар и Јегуновце), во рамките на проектот „Граѓански дијалог на локално ниво“ спроведен во 2011 г., финансиран од Европската Унија од Европскиот инструмент за демократија и човекови права (ЕИДХР).



Одобрен Деловниот извештај и избран нов состав на Управниот одбор

На 30 мај 2013 година во МЦМС членовите на Советот ја одржаа својата прва редовна седница.

На дневниот ред беше Деловниот извештај за 2012 година со финансиски извештај и извештај на независниот ревизор, како и дополнителен избор за упразнето место на член во Советот, вклучување (кооптација) на два члена заради афирмативност во Советот и избор на нов состав на Управниот одбор.



Членовите на Советот го разгледаа и дискутираа за Делвониот извештај на МЦМС за 2012 година

Извештајот за работата го презентираше Александар Кржаловски, првиот извршен директор на МЦМС. Тој истакна дека во претходната 2012 година МЦМС имаше портфолио од 12 проекти и буџет од околу 49 милиони денари. МЦМС ги продолжи активностите во образованието, односно во инфраструктурното уредување на училиштата и во пристапот на Ромите до фондови. Кон крајот на годината започна и програмата за оспособување на жените од регионите погодени од конфликтот, а продолжија и активностите за партиципативно граѓанско учество што се одвиваат преку Форумите во заедниците. МЦМС и понатаму спроведуваше активности кои се однесуваат на доброто владеење и на вкоренување на граѓанското општество.

Членовите на Советот најмногу се интересираа за присуството на МЦМС во медиумите и изразија задоволство од постигнатите резултати. По кратката дискусија тие едногласно го усвоија Деловниот извештај за 2012 година.

На истата седница МЦМС спроведе избори со кои го комплетираше составот на Советот што беше избран на 14 декември 2012 година. Еден член беше избран за упразнето место кое настана по смртта на членот на Советот Јагуп Селимовски, а се избираа и два нови члена со постапката на дополнително вклучување (кооптација) со која, според Правилникот за избори на органи на МЦМС, се влијае на подобрување на афирмативноста на составот на Советот, во случајов подобра застапеност на жените. Новите членови на Советот на МЦМС се: Африм Таири (ИВЗ), Марија Ацковски (ЕМЦ) и Никица Кусиникова (Конект).

Членовите на Советот го избраа и новиот состав на Управниот одбор кој сега го сочинуваат: Ризван Сулејмани, Ѓоко Ѓорѓевски , Ратко Лазаревски, Габриела Мицевска, Горан Михајловски, Ванчо Стојанов и Бехџудин Шехапи.

Мандатот на Советот истекува на 14 декември 2016 година, а на Управниот одбор на 30 мај 2017 година.

Граѓаните на Македонска Каменица и Делчево го почнаа меѓуопштинскиот форум

На 28 мај 2013 година во Македонска Каменица се одржа првата форумска сесија од меѓуопштинскиот форум на општините Македонска Каменица и Делчево. Граѓаните на двете општини покажаа голем интерес за учество во форумот што беше очигледно од нивното големо присуство на сесијата.

Беше презентирана структурата на форумот и темата „Собирање смет“ за која ќе се дискутира во претстојните неколку месеци. Анжелика Маркова Бошковска, координатор на проектот од Македонска Каменица, укажа на главните проблеми кои се дел од собирањето на сметот, а со кои се соочуваат двете општини. Во дискусијата потоа, граѓаните се надоврзаа со свои забелешки и сугестии.

Во своето обраќање до граѓаните, Дарко Митевски, градоначалникот на Македонска Каменица, истакна дека е особено значајно тоа што жителите на двете општини се активно вклучени и сами имаат можност да одлучуваат за проблемите со кои се соочуваат. „Се надеваме дека ова ќе биде уште едно позитивно искуство и за нас како локална самоуправа и за нашите граѓани и дека проблемот со собирањето на отпад ќе биде долгорочно решен“, истакна тој.

На форумската сесија беше формирана и структурата на форумот при што граѓаните се определија за работа во една од вкупно деветте работните маси. „Изненадена сум што и граѓаните имаат можност да се вклучат во решавањето на локалните проблеми, што според моите сознанија е прв ваков случај во нашата општина“, ни рече Билјана Митревска, од Македонска Каменица. „Проблемот со отпадот, неговото собирање и складирање е проблем за сите нас и се надевам дека Програмата ќе придонесе за негово решавање. Верувам дека интересот кај граѓаните уште повеќе ќе се зголемува и дека вистински ќе ги лоцираат проблемите и ќе донесат правилни одлуки“, рече Митревска.

Граѓаните формираа работна група која ќе направи подетална анализа на темата и ќе ја презентира на втората форумска сесија што ќе се одржи на 18 јуни 2013 година во Делчево.

Корупциските предизвици во ЈИЕ и мерките за нивно решавање

На 22 мај 2013 година во Белград, Србија беше одржана регионалната конференција на тема „СЕЛДИ стратегија и акциски план за добро владеење и антикорупција: главните корупциски предизвици и мерки за нивно решавање во Југоисточна Европа". Целта на конференција беше да се претстават главните предизвици во борбата против корупцијата со кои се соочуваат земјите од Западен Балкан и Турција, да се дискутираат мерките за нивно надминување и да се разменат националните искуства. На конференцијата учествува повеќе од 30 претставници на граѓанските организации од регионот и државните институции од Србија. Марија Саздевски и Борјан Ѓузелов учествуваа како претставници на МЦМС.

Конференцијата се состоеше од три панели. На првиот беа презентирани антикорупциските стратегии и модели во Србија и Македонија, како и главните антикорупциски предизвици забележани во извештаите на ЕУ за напредокот на земјите од Западен Балкан. На вториот панел фокусот беше ставен на транспарентноста во трошењето на јавните финансии со посебен осврт на јавните набавки во Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Косово и Турција. Во рамките на третиот панел, особено внимание беше посветено на улогата, капацитетот и интегритетот на граѓанските организации како еден од главните предизвици во регионот.

На третиот панел, Марија Саздевски од МЦМС ги презентираше наодите од неодамнешната споредбена анализа „Менаџментот на граѓанските организации и судирот на интереси", во која се анализираат јавните политики во повеќе различни земји од регионот со кои се регулира судирот на интереси и дали и како претставниците од граѓанскиот сектор се засегнати со нив.

Конференцијата беше организирана во рамките на проектот „Граѓанско општество за добро владеење и антикорупција во југоисточна Европа: градење на капацитети за мониторинг, застапување и подигање на јавна свест", финансиран од Европската комисија, Директорат за проширување. Во проектот се вклучени 17 граѓански организации од девет држави од регионот (Албанија, БиХ, Бугарија, Хрватска, Косово, Македонија, Црна Гора, Србија и Турција).

Вршење економски активности во непрофитни организации

Економските активности и сметководството на здруженијата и фондациите беше тема на информативниот настан што се одржа во Скопје на 16 мај 2013 г. во Клубот на новинари, а го организираше МЦМС.

Целта беше детално запознавање со можностите за вршење дејности од кои се генерираат сопствени приходи, спецификите на сметководството на граѓанските организации поврзани со економските активности и нивната поврзаност со соодветни одредби од даночните закони. На настанот учествуваа 35 претставници на раководствата и сметководителите на граѓанските организации од повеќе градови на Р.Македонија. Предавач беше Николаки Миов, овластен ревизор.



Најинтересна беше сесијата посветена на даночната рамка за граѓанските организации

Во првиот дел подетално беа разгледани и споредени одредбите на Законот за трговски друштва и Законот за здруженија и фондации. Втората сесија ги опфати вообичаените активности при вршење на дејност кај граѓанските организации, додека во третата беа детално дискутирани даноците од важност за граѓанските организации и инспекциите кои директно влијаат при вршењето дејност (и поврзани глоби). Последната четврта сесија преку претставувањето на постоечките олеснувањата и ослободувања за граѓанските организации, овозможи учесниците да размислуваат во насока на нивно искористување за обезбедување одржливост.

Учесниците изразија голем интерес активно вклучувајќи се со прашања и забелешки во текот на сите сесии, додека како најкорисна беше онаа во која најмногу се дискутираше за даночната рамка за граѓанските организации. Поконкретно беа издвоени персоналниот данок и данокот на добивка за кои ќе биде предизвик во иднина да се најдат соодветни решенија кои ќе овозможат помало финансиско оптоварување. Информативниот настан е дел од проектот „Овозможувачка правна рамка" кој го спроведува МЦМС во соработка со ЕЦНЛ од Будимпешта и кој финансиски е поддржан од УСАИД. Целта на проектот е придонес кон ефективно спроведување на ЗЗФ и подобрена даночна околина за граѓанските организации.

Конференција за регионалните партнерства на граѓанските организации

На 23 и 24 мај 2013 година во Белград, Србија се одржа регионалната конференција на тема „Европската комисија и граѓанските организации: се развиваме заедно". Целта на конференцијата беше да се претстават резултатите од досега спроведените активности и да се дефинираат и дискутираат главните предизвици со кои се соочиле организациите во спроведувањето на проектите од програмата на Европската комисија, Директорат за проширување за поддршка на рамковните договори за партнерства. Настанот собра повеќе од 200 претставници од граѓански организации од регионот на Западен Балкан и Турција и државите членки на ЕУ.

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) е вклучен во оваа програма: како партнер во проектот „Граѓанско општество за добро владеење и антикорупција во Југоисточна Европа: градење на капацитети за мониторинг, застапување и подигање на јавна свест" и како членка на БЦСДН мрежата во проектот: „Acquis на Балканското граѓанско општество - Јакнење на потенцијалот и капацитетите на граѓанските организации за застапување и лобирање". Претставници на МЦМС на оваа конференција беа Симона Огненовска, Марија Саздевски и Борјан Ѓузелов.

Главниот фокус на конференцијата беше ставен на претставувањето на Стратегиите развиени во рамките на 18 проекти. Проектите беа поделени според тематските прашања што овозможи поттикнување на соработката помеѓу мрежите формирани за проектите. Стратегиите адресираа некој од приоритетите на програмата: 1) Зајакнување на капацитетите за анализа, застапување и следење на клучните секторски реформи на регионално и национално ниво; 2) Подобрување на средината за граѓански активизам и дијалог помеѓу граѓанското општество и државата на регионално и национално ниво; 3) Подигнување на легитимитетот, транспарентноста и одговорноста на граѓанските организации во регионот. Конференцијата беше искористена и за дискутирање на предизвиците и научените лекции во почетен период од спроведувањето.



Присутните дискутираат за главните предизвици на организациите од регионот

Организатор на конференцијата беше канцеларијата за техничка поддршка на граѓанските организации (TACSO) од Србија, во соработка со генералниот директорат за проширување при Европската комисија и канцеларијата за соработка со граѓанското општество на Владата на Република Србија.